# ПРОГРАМСКА ПЛАТФОРМА
# на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА

**Основачки конгрес на НОВА РЕПУБЛИКА**

***Скопје, 21 август 2025 година***

# ГЛАВА I.
# МИСИЈА, ЦЕЛИ И ПРОФИЛ НА НОВА РЕПУБЛИКА

## 1. МИСИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА

**Нашата мисија е Република Северна Македонија – функционална Република за сите.** Во неа граѓаните избираат одговорна власт, којашто раководи институции, јавни финансии и кадровски ресурси за општо добро и обезбедува еднакви можности за сите.

И во третата деценија од независноста, **ние Македонците, Албанците, Турците, Србите, Ромите, Бошњаците, Власите... Бугарите, Хрватите, Црногорците, Словенците, Египќанците, Торбешите, Евреите...** во Република Северна Македонија (натаму: Северна Македонија, РСМ) здружени во Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Партијата, НОВА РЕПУБЛИКА) **се водиме од** темелните **вредности на кои ја градиме Републиката:**

- **парламентарна демократија и политички плурализам** како гаранција за слободата на граѓаните и демократското уредување на државата;
- **пазарна економија и натпревар** за легален профит и подобар стандард;
- **општото добро како заедничка цел**, и
- **владеење на правото за остварување на индивидуалните и колективните човекови и граѓански права и слободи и рамноправност** во нивното остварување**.**

## 2. ЦЕЛИ НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА

**Нашите цели утврдени со здружувањето во НОВА РЕПУБЛИКА се:**

- **Модерна нација** на просперитетни граѓани во **функционална пазарна економија** со развиено претприемништво и услови за економска иницијатива;
- **Владеење на правото и ред** во **унитарна и хумана Република**;
- **Функционални институции без толеранција кон корупцијата**;
- **Парламентарна демократија со реална поделба на властите** и вистинска претставеност на граѓаните;
- **Децентрализирана локална самоуправа и оптимална деконцентрација** на власта;
- **Граѓанско општество** за **остварување и унапредување на личните и колективните човекови и граѓански права и слободи**;
- **Одговорно управување** со државните и јавните финансии и ресурси;

- **Квалитетни, одржливи и достапни јавни системи** на образование, здравствена услуга и социјална заштита;
- **Надворешна политика темелена на меѓународно право, добрососедство**, (регионална) соработка **и полноправно членство на државата во ЕУ**;
- **Секуларна држава** за суштинска меѓурелигиска толеранција како општествена вредност;
- **Одбранбена политика во системот на сојузништвото на НАТО** и
- **Здрава животна средина и здрава храна**.

**Предизвиците** во остварувањето на наведените цели **ги надминуваме со верба во себе и доверба меѓу нас, убеденост во правилноста на нашите принципи** и **истрајност во нашата мисија.**

Бидејќи **новата Република значи** нова функционалност на институциите за:

- **Успешна економија**, развој, легален и легитимен профит и за одржлив пазар, достапен според понудата и побарувачката, а не според блискоста до партиите;
- **Ефикасно правосудство**, достапна правда за граѓаните, а не само за елитите;
- **Модерно образование** за конкурентност во пазарот на трудот и услугите;
- **Достапно здравство** со квалитетно финансирање и ресурси;
- **Пристап до информации**, наместо до пропаганда и вести по мерка на власта;
- **Квалитетна животна средина, воздух, храна и почва**...

...низ неа целиме да обезбедиме **еднаков пристап до можностите, заштита на животот, имотот и сопственоста, гарантирани услуги за нејзините граѓани и нивно суштинско** (не)посредно **учество во одлучувањето**.

Новата Република **ја градиме како нов, повисок степен на ефикасност на системот на институции што ги гарантираат вредностите определени во нашата мисија.**

Низ неа **градиме хумана држава која е тука за граѓаните и го консолидираме поделеното општество во кое** резултатот и одговорноста кон себе, семејството и заедницата е мерило за личниот успех, а **благосостојбата е достапна придобивка на заедницата**.

Бидејќи минатото не се менува, како одговорни луѓе сакаме **да ја подобриме сегашноста и да моделираме просперитетна иднина** за секој од нас и за сите нас заедно.

## 3. ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА

**Ние сме и идеалисти и активисти оти без идеал и акција** како поединци и нација **само стоиме во место додека светот оди напред**. Суштински политички промени можат да создадат само поединците и тимовите со правилна цел.

**За нас крадењето е срамно, а не идејата и опстојувањето на ставот и целта**. Затоа не (се) залажуваме со држава што секому пружа еднакво, оти тогаш на сите им пружа недоволно. Впрочем, се што пребродивме од независноста до денес потврдува дека **младата демократија е дорасната да постои и да продолжи да се развива**, иако многу премрежја можеа да се спречат со попромислена политика.

Оттука, **НОВА РЕПУБЛИКА е организираниот политички субјект на заинтересираните и иницијативни граѓани подготвени за остварување на декларираните цели и вредности низ политички процес**.

НОВА РЕПУБЛИКА **не обединува нас** слободно-мислечките, креативните и претприемнички ориентираните, **граѓаните** кои:

- сме **уверени во своите квалитети, знаења, вредности и принципи**;
- сме **одговорни поединци** кон себе и поблиското и поширокото опкружување;
- **сакаме држава, институции и партии што не се мешаат во приватниот живот**;
- **создаваме општествена кохезија** во заедницата каде разликите се предност;
- во демократски натпревар на идеи **го застапуваме сопственото убедување**;
- сакаме да **се чувствуваме пријатно и си ја сакаме својата земја** и активно ја подобруваме низ акција втемелена на нашите идеали.

**Секој има право на среќа и просперитет според лична определба, капацитет и иницијативност**.

**Државата** не е единствен и најсигурен работодавач, воспитувач, ниту креатор на граници за размислување и дејствување.

Таа **само гарантира еднакви можности за:**

- **натпревар и напредок** и
- **солидарна заштита** на своите државјани кога е потребно...

...во услови на **владеење на правото**, **почитување на човековите и граѓанските права и слободи, заштита на приватната сопственост и економската иницијатива и функционални механизми на оптимални институции**.

Ги одбиваме предрасудите дека **нашиот граѓанин** не **е подготвен за натпревар или за уредена држава и општествена, политичка, економска и културна средина**. Успехот

на генерации наши економски емигранти потврдува дека не е до луѓето, туку до системот.

Затоа **градиме нова Република за правилно уредување на односите…**

- **…меѓу институциите,**
- **…на институциите кон граѓанинот и на граѓанинот кон нив**.

Човекот зависен од државата не може да биде успешен.

**Успешниот поединец е општествено одговорен и** како таков е **основа за успехот и просперитетот на семејството, заедницата и нацијата**.

**На овие принципи здружени сме во НОВА РЕПУБЛИКА како национално-центристичка партија.**

# Глава II.
# ОТВОРЕНО И ИНТЕГРАТИВНО ОПШТЕСТВО
# НА КОНСОЛИДИРАНАТА НАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 4. НОВА РЕПУБЛИКА ЗА ОТВОРЕНО И ИНТЕГРАТИВНО ОПШТЕСТВО

Интеграцијата во и на нашето општество е запоставена. Тоа не прави слаба нација, вкотвена во импровизација и летаргија додека меѓузависниот регион, континент и свет се движи напред. **Подобрувањето на стандадот на живеење, образованието и финаниските можности на секој граѓанин и на нацијата е основата за градење на општествената кохезија во и низ новата Република.**

**Централен предизвик за функционалност на општеството е финансиската состојба и животниот стандард на човекот, семејството, заедницата**. Богатото општество на продуктивни поединци произведува економија и стандард, безбедност и просперитет, образование, наука и здравство кои системски ги штитат и унапредуваат заедничките вредности.

Затоа, **новата Република подразбира оптимална држава на граѓани кои низ данок инвестираат во институции што го гарантираат општествениот поредок втемелен на заеднички вредности**.

**Општеството во новата Република не е ниту само на Македонците ниту само збир на општествата на народите во Северна Македонија**. Така соживотот е многу повеќе од паралелно живеење на заедниците.

**Општествениот концепт на новата Република е функционална заедница втемелена на:**

- **лична и колективна економска, политичка и културна интеракција** и
- **вклученост во неа на секој поединец** согласно неговите карактеристики и капацитети **и на секој колективитет** согласно неговите специфики.

**На него се гради нацијата на Северна Македонија** како државно-политичка категорија **која напредува и ги надградува стекнатите придобивки од својот досегашен општествен развој**.

Оттука, **не преговараме за:**

- **Секуларноста на државата.** Религијата е во просторот на приватното и личното;
- **За родовите права.** Популациона политика не се гради на административни лавиринти, предрасуди и псевдо-конзервативни стереотипи. Мажот и жената се столбови на семејството и рамноправни во општеството.

- **За слободата на изразувањето.** Таа е еднакво битна како и спречувањето **и санкционирањето на говорот на омраза** во медиумите и на социјалните мрежи и од еснафските здруженија и од државните институции.
- **За плурализмот на информирањето.** Државата само стандардизира и контролира квалитет, достапност, транспарентност на медиумско финансирање и спречува монопол или медиумска концентрација.
- **За правата на маргинализираните и социјално-предизвиканите групи.** Заедницата пружа **одржлива финансиска поддршка** на социјално-предизвиканите (семејства) од невработеност, болест, повреда или попреченост **и** нивна **инклузија**. Ова опфаќа широк спектар на граѓани, од припадници на маргинализираните етнички заедници, преку поединците и семејствата соочени со ретките и фаталните болести до грижата и инклузијата на лицата со интелектуална попреченост во општеството.
- **За слободата на избор на сексуалната ориентација.** Интегративното општество ги надминува предрасудите и санкционира насилство по основа на фобии и стравови од различностите. Истополовото регистрирано партнерство останува расположливо решение.
- **За правото на здрава животна средина и здрава храна.** Бидејќи економскиот развој, животниот стандард и квалитетот на живеењето се меѓузависни, застапуваме баланс на економскиот прогрес и заштитата на животната средина низ одговорно управување и контролирано експлоатирање на природните ресурси.
- **За поддршката на граѓанскиот сектор и неговата соработка со институциите**. Тоа е показател за демократскиот капацитет на државата, зрелоста на политиката и на граѓанскиот активизам.
- **Непосредната интеракција на граѓанинот со државата/локалната самоуправа.** Тука спаѓа и давањето услуги за специфични општествени групи од значење за општеството и државата/локалната самоуправа преку невладините организации, по принцип на партнерство со нив и т.н. outsourcing на јавните дејности.

## 5. НОВА РЕПУБЛИКА СО КОНСОЛИДИРАНА И УСПЕШНА НАЦИЈА

**Секој државјанин на Северна Македонија - Македонец, Албанец, Турчин, Србин, Ром, Бошњак, Влав, Бугарин, Грк, Египќанец, Словенец, Торбеш, Хрват, Црногорец... е припадник на нацијата на Северна Македонија**. Оттука, нацијата е и заштита и гаранција за специфичноста, идентитетот и посебноста и на македонскиот народ и на припадниците на сите други народи во земјата.

**Републиканското уредување и парламентарната демократија ја гарантираат еднаквоста во правата пред државата и во обврските кон државата и општеството.** На таа основа водиме одговорна политика без латентен шовинизам.

**Нацијата е успешна колку што нејзините припадници се идентификуваат со неа.**
За таа цел повикуваме **да градиме нова Република на нацијата во која**:

- **Разликите се помирени низ договор**, наместо триењата да се конфликтни;
- **Припадноста кон нацијата е гордост** кога го валоризира личниот напор, работа, придонес и успех на својот припадник или му пружа помош при нужда низ институционални инструменти и механизми;
- **Секој припадник инвестира во себе, своето семејство и заедницата**.

Свесни за специфичностите, **ги почитуваме колективните припадности**, нивното негување и гарантирањето на нивното одразување. **Синергијата меѓу припадниците на народите во земјата** (а особено меѓу Македонците и Албанците) **е од особено значење за целокупната функционалност на државата.** Постојаните обиди за нивно антагонизирање е проектирано наследство на југословенската политика на кое „јаваа“ политичките елити и до и по 1991.

**Таа синергија е основа за стабилна држава, одржлива економија, општествена кохезија и придонес на Северна Македонија кон сопствените граѓани, трансатланските сојузници, европските партнери**, но и регионалниот и (транс)континенталниот мир и просперитет. И, секако, таа е начин како да не сме „држава со заробена нација“ по основа на етно-политички монопол врз власта и финансиите.

**Низ призмата на македонскиот народ** којшто е конститутивен во Северна Македонија, **Македонците:**

- **го остваруваат својот идеал за државотворност во своја независна и суверена Република**, заедно и рамноправно со припадниците на другите народи во неа;
- **имаат и споделуваат конститутивна одговорност за плодотворно проектирање на односите** во Републиката, кон соседните народи и држави и пошироко;
- **градат економски одржлива унитарна држава** како одраз на реалните потреби и историските околности **низ оптимално децентрализирана и деконцентрирана власт**, во слободарскиот дух на Илинденското Востание, државотворниот дух на АСНОМ и интегративниот дух на Рамковниот Договор;
- **се кохезивен фактор ослободен од подривачки митологии** по сопствениот идентитет, културно и историско наследство.

За таа цел, **новата Република ги негува македонската мисла, творештво, наука, јазик, култура, традиција, политичка визија на и за Македонците**, а не против немакедонците.

Оттука, **спротивставени сме на носталгијата по минатото којашто Македонците ги направи несигурни во себе** во сопствена суверена и независна држава **и ги спротивстави меѓусебно и со сите околу себе**.

Оттука, **новата Република ги поддржува процесите на дејугословенизација и декомунистикација** во интерес на македонскиот народ.

Консолидираната нација на Северна Македонија бара **соодветен пристап и кон дијаспората** од генерации иселеници од блиското или подалечното минато и од сите етнички заедници: без гротескна романтика и со реализам кон можните инвестиции од неа.

Тоа значи **отворање на Северна Македонија за инвестициите од дијаспората и нејзино вклучување во подобрувањето на домашниот (високо)образовен процес, институционална поставеност, економија и финансии.** Само функционално поврзана дијаспора уверена во можностите тука може да има поголема улога одошто само финансиер на своите семејства од далечина.

Митовите и митологиите одиграле улога во зацврстувањето на колективната свест и идентитетот кај сите народи. Но, **само народите кои својата сегашност не ја градат на митови си обезбедуваат развој и иднина наместо мачна историја**.

Затоа, вака консолидирана, **нацијата на Северна Македонија е целина на граѓани горди на своето минато, сплотени околу заедничката цел** за личен и заеднички просперитет согласно својот труд, знаење и резултат остварен во организирана држава, инклузивно општество и квалитетна животна средина.

# Глава III.
# НОВА РЕПУБЛИКА ЗА ФУНКЦИОНАЛЕН ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ПРАВДА, ДОСТАПНИ ИНСТИТУЦИИ, ЕФИКАСНА АДМИНИСТРАЦИЈА, СЛОБОДА НА ГОВОРОТ И ИНФОРМАЦИИТЕ

## 6. НОВА РЕПУБЛИКА ЗА ФУНКЦИОНАЛЕН ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**Политичкиот систем на Северна Македонија низ Уставот**:

- Со граѓанскиот концепт **ги уважува индивидуалните и колективните слободи и права**;
- Со републиканското уредување, парламентарната демократија и поделбата на власта **одговара на државно-политичкото, општественото и историското наследство и на мултиетничкото, мултиконфесионално и мултикултурно општество**;
- **Правилно го негува** номинално **унитарниот карактер на државата** како особена потреба на македонскиот народ сфатена и почитувана од сите заедници, и
- Ја потврдува потребата од **функционална локална самоуправа** низ **оптимално финансирање на општините, децентрализација и деконцентрација на власта**.

**Низ новата Република постигнуваме подобрени системски и институционални перформанси** за да спречиме потфрлање на политичкиот систем.

За таа цел **новата Република гарантира рамноправност и еднаквост на граѓаните, спречува мајоризација на мнозинството над малцинството** и на малцинството над субмалцинството, **негува стекнати права, обезбедува владеење на правото и ред** и **испорачува правда**. Оттука **во неа функционира проверката и урамнотеженоста на поделените власти** и **транспарентноста на** (постапките на) **институциите** ослободени од партизација и корупција.

**Северна Македонија нема толку лошо законодавство, колку што има слабо владеење на правото**.

**Отсуството на владеење на правото е извор на безредие**, арбитрерност на институциите, нееднаквост на граѓаните пред законот, висока корупција и **недоверба на граѓаните во институциите**.

**Прикривањето на овие слабости на системот** со партиски речник на предрасуди и стереотипи, **води кон ризик од повторување на грешките од минатото** со уште потешки последици.

Затоа, **новата Република ја јакне парламентарната демократија низ јакнење на** (контролната) **улога на Собранието, ги подобрува перформансите на судството и ја оптимизира локалната самоуправа низ:**

- **Зголемени надлежности на Собранието за избор и именување** (регулаторни тела, агенции, комисии, совети...) наместо истите да ги врши Владата;
- **Промена на изборно законодавство за пратеници ослободени од клиентелизмот** кон партиите, како чекор кон елиминирање на клиентелизмот во економијата;
- **Постојан ветинг** во судството, медиумите, партиите, органите на безбедноста и одбраната, дипломатијата, партиите;
- **Избор на министри од редот на пратениците** за владин кабинет со легитимитет пред гласачите и реална одговорност на Владата пред Собранието;
- **Избор на претседател на Републиката во Собранието** за одговорна споделена извршна власт и правична застапеност во врвните државни функции;
- **Суштински овластен Комитет за односи меѓу заедниците** за прашањата кои ги засегаат колективните права на етничките заедници;
- **Донесување нови закони наместо пречистени текстови на законите изменети или дополнети повеќе од три пати;**
- **Еднократен генерален реизбор на судии и обвинители** за рестарт на (право)судството;
- **Изедначување на употребата на кирилското и кодификуваното латинско писмо на македонскиот јазик** и **дефинирање на албанскиот и тускиот како службени јазици**;
- Правилно **проектирање на територијалната организација, степенот и типското разликување на локалната самоуправа** и нејзиното финансирање.

## 7. НОВА РЕПУБЛИКА СО ПОЛИТИЧКО УПРАВУВАЊЕ НАМЕСТО ПАРТИСКО ВЛАДЕЕЊЕ

Граѓанинот, политичкото организирање и воопшто **Северна Македонија има потреба од нов пристап кон политиката:**

- **за управување низ институциите**, наместо владеење на партиите со луѓето;
- оставање „печат“ низ делата **наместо запоседнување** на институциите;
- **мерливост на вредности, цели и извршност**, наместо популизам со јавни пари;

- **политичко претставување** согласно предизборна програма наместо етничка поделба;
- **вработување низ економски политики за реалниот сектор**, наместо низ ширење на администрацијата.

Покрај придржувањето до Уставот и законите и владеењето на правото, **основните премиси на одговорното управување и односите во органите на управата ги поставуваме и на унапредувањето на регулативата за**:

- **Гарантирање на работата во специфичните јавни дејности** (здравство, образование, администрација, (право)судство, одбрана, безбедност...) и **движење во кариерата** во нив **според систем на заслуга и одработено**;
- **Дополнителна награда по основа на учинок**, наместо плата по учинок како казна;
- **Намалување на дискреционите права** на политички поставените раководители;
- **Транспарентност низ намалени овластувања од подзаконски акти**;
- **Одржлива јавна, државна и локална администрација**, со проектиран обем и кадровски развој според потребите на граѓаните и бизнисот.

**Веруваме во владеењето на правото, а не на партиите.** Оттука:

- **Секој одговара пред законот, а не пред партијата** или власта;
- **Профитот остварен по закон не подлежи на политичко-партиска ревизија**;
- **Заштитата на приватното** е темел на владеењето на правото;
- Владеење на правото пред „правна држава“ бидејќи **граѓанинот е пред државата**.

Така **новата Република спречува политички реваншизам врз вработените во администрацијата** и јавните компании **со секои избори и понижување на цели дејности –** лекари и медицински персонал, учители, наставници и професори, полицајци, војници, судии, обвинители и адвокати.

Средниот слој е значајно застапен во овие дејности и **гарантирањето на достоинството и на работните услови во овие професии е заштитен механизам за самиот среден слој**.

# 8. НОВА РЕПУБЛИКА СО ЕФИКАСНА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ

**Досегашниот партиски пристап и третман на администрацијата ја закотви по поимање и однесување на ниво од пред три децении: како механизам за себе** наместо за **потребите на даночниот обврзник** (граѓанин или фирма seедно).

Децениски **администрацијата е пасивизирана до нефункционалност низ рестриктивна и партизирана вертикална мобилност** поради **пристрасен систем на наградување** и напредување; **конфликтност меѓу вработените/кандидатите за напредок во неа** и **линеарна едукација** излишна за искусните профили во администрацијата.

Ова ја **потисна креативноста, иницијативноста и ефикасноста** на секој службеник и на администрацијата во целост и ги направи **дефанзивни и инертни**.

**Раководењето и работењето на администрацијата во новата Република е прашање на искористување на** (човечки и материјални) **ресурси и** е **вештина, знаење и поседување човечки квалитети.**

**Без одговорно политичко управување нема подобра услуга или впечаток за администрацијата** ниту со целосна генерациска промена во јавните, државните и локалните органи на администрацијата и претпријатијата. **Превработеноста** со партиски кадри **ги намалува парите за добри плати и услови за работа** во нив.

**За прекинување на овој децениски проблем во столбот на системот, го промовираме концептот „Администрација на отворени извори“ – Open Source Administration.**

Во административните кадри гледаме бројно ограничен човечки ресурс кој **очекува да биде на располагање за граѓаните** во спроведувањето на јасно пропишаните постапки и услуги, **за чесно да ја заработува платата**.

**За мерливост на перформансите се пропишуваат процедури и стандарди**.

Цената на чинење на услугата (јавна, државна или локална) и ефикасноста на нејзиното пружање се мерливи доколку услугата, рокот, патот и цената на нејзиното добивање се пропишани и јавно достапни.

И да, **и ова е пазарен стандард**: потрошувачот кој за сопствени пари избира производ или услуга на пазарот според стандард, како **даночен обврзник мора да добива гарантирана и квалитетна услуга од државата/локалната самоуправа финансирана од неговите давачки.**

Затоа **новата Република го вклучува приватниот сектор во пружање или испорачување услуги во име на државата од страна на приватни фирми, здруженија и сл.** Илустративни се добрите искуства во социјалните дејности кои во дејноста имаат и поддршка што значително го олеснува и товарот на јавните финансии.

**Ваквата Администрација на отворени извори**, во која одредени услуги на јавниот сектор ги вршат приватни субјекти по пазарна, а достапна цена на чинење, **овозможува и контрола на квалитетот на испорачаното и растеретување на администрацијата која станува попродуктивна во останатиот дел од своите обврски.**

Со тоа **Администрацијата на отворени извори не е приватизирана, туку дел од неа се охрабрува** по сопствен избор **да се врати на пазарот** за повисока плата, подобри работни услови и сл., **а дел оди во контрола на квалитетот и брзината на пружената услуга** од конкурентните оператори. Со тоа **граѓаните и економијата и администрацијата се ослободуваат од партиски клиентелизам**, а на среден рок, општеството од корупцијата.

**Концептот на Администрација на отворени извори овозможува и целно, промислено и етапно редуцирање на администрацијата платена од јавните буџети** без ризик од изложување на невработеност**.**

Различни се проценките за потребниот обем на вработени во јавниот сектор, но состојбата е неодржлива. Затоа, покрај пензионирањето по основа на стаж, **новата Република ќе стави на располагање финансиски програми за трансфер од јавниот во приватниот сектор и поттик за приватни оператори на административните дејности**.

## 9. НОВА РЕПУБЛИКА СО СЛОБОДНИ И ОДГОВОРНИ МЕДИУМИ ЗА ИНФОРМИРАНИ ГРАЃАНИ И ТРАНСПАРЕНТНО ВЛАДЕЕЊЕ

**Улогата на државата во медиумите е регулирање минимум стандарди за квалитет** на информирањето и **спречување медиумски монопол и концентрација на медиуми** согласно добрите демократски пракси. **Со ваквиот пристап** во новата Република:

- **Квалитетните, слободни и одговорни медиуми се средство за транспарентност на власта.** Тие информираат, едуцираат и поттикнуваат општествена активност и одговорност – како предуслов за практикување одговорна политика и управување;
- **Медиумите** што дејствуваат како општествена совест **го засилуваат и гарантираат пристапот до информации** од јавен карактер и општествената контрола врз власта;
- **Јавното мислење, збор и слободен избор на граѓанинот се гарантирани** со јасна (антимонополска) регулатива којашто прецизно ги дефинира јавниот медиумски сервис и спречувањето медиумска концентрација, и
- Оптималната саморегулација овозможува **новинарството** (ослободено од партиски спреги) да **се води од вредности**, а минимумот прописи овозможува **медиумите да остваруваат профит** пазарно: со информирање и едуцирање на граѓанинот, наместо со индоктринирање на гласачот.

**Новата Република гарантира плурализам на медиуми заснован на оптимална регулација и пазарен натпревар** низ:

- Поддршка на **развојот на медиумскиот пазар низ** развој на технологиите, **јакнење на регионалната** продукциска **соработка и проток на информации и содржини**;
- **Законско одвојување на дистрибутивната од медиумската дејност**;
- **Професионален, квалитетен,** едукативен, информативен, интегративен, повеќејазичен и одржлив **јавен радио-дифузен сервис**;
- **Фондови за поддршка на развојот на** едукативни **медиуми за млади**;
- **Поддршка на плурализмот на медиуми и условите за функционирање на националните и регионалните/локалните радио и ТВ станици** низ редефинирање на пристапот кон дистрибуцијата на дигиталниот сигнал;
- **Скратување на роковите за давање информација од јавен карактер по барање на новинарите;**
- **Законско ограничување на правото на рекламирање на извршната власт** само бесплатно и за прашања од јавен интерес утврдени од Собранието;
- **Постојан функционален дијалог со струковите здруженија на новинари, медиумски работници и сопствениците на медиумите** за практична поддршка на слободното новинарство, правата од работен однос на вработените во медиумите и отстранување на партискиот клиентелизам во медиумите за зајакнување на контролата на медиумите и цивилното општество врз власта.

# Глава IV.
# НОВА РЕПУБЛИКА СО ПРОМИСЛЕНА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И ВИСТИНСКА ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ КАКО СТРАТЕШКА НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ

## 10. НОВА РЕПУБЛИКА ЗА ОДГОВОРНА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И ПРОФЕСИОНАЛНА ДИПЛОМАТИЈА

**Стратешки принципи на надворешната политика** на новата Република се:

- **добрососедски односи и активна поврзувачка улога во регионот**;
- **учество во европскиот и глобалниот** политички, економски и безбедносен **процес**, и
- **почитување на меѓународното право и на прифатените обврски од** потпишаните документи според **словото и духот на потпишаното.**

Од независноста до денес нацијата на Северна Македонија исполни две од три интегративни цели: меѓународно признавање со полноправно членство во ОН и полноправно членство во НАТО. **Преостаната интегративна цел ни е полноправното членство во Европската Унија (ЕУ)**, а прв фокус ни се пристапните преговори.

Еднакво, **НАТО е наша избрана Алијанса на сојузници со кои си ја гарантираме слободата, развојот и спречуваме безбедносни закани по заедничките вредности во светот соочен со нови предизвици.** Тоа е системот за наш **транс-континентален придонес** и солидарност согласно заеднички обврски и цели.

**ЕУ за новата Република е природното место на нашиот политички живот, на енергетско и инфраструктурно поврзување и на интегрирање на производот и пазарот на Северна Македонија** во глобализираната економија.

Истовремено, ЕУ е **заедница со која ги споделуваме етничките и националните општествени, цивилизациски и културни вредности, цели и стандарди**.

За новата Република, **пристапот кон Европската економска заедница и Европската политичка заедница е само дел од домашно усогласување и приспособување кон европските стандарди и перформанси**, а не како на крајно постигнување.

Оттука **новата Република е целосно посветена на:**

- **Исполнувањето на критериумите, односно обврските од членството во ЕУ**;
- Негување на **добрососедските односи и затворање на активните спорови;**
- **Унапредувањето на транс-граничната соработка, и**

- **Развојот на економските и културните врски во регионот и пошироко.**

**Новата Република не го доведува во прашањето на почитувањето на преземените обврски според потпишаните меѓународни документи.**

Со таквиот пристап **Северна Македонија се враќа на рангот на почитувана и ценета земја – партнер, придонесувач** во регионалните, континенталните и меѓународните односи и институции. Така новата Република постигнува целосна **економска, политичка и безбедносна европска интеграција на нацијата како должност на оваа политичка генерација**.

**Со проактивна политика во регионот** заснована на взаемен интерес, соработка и разбирање, **Северна Македонија** си **обезбедува внатрешна кохезија и економски систем со висока продуктивност и развој.**

На тој начин **ќе бидеме подготвени за исполнување на обврските кон своите пријатели, партнери и општо меѓународната заедница,** бидејќи учеството во меѓународните односи и членството во организациите и интеграциите подразбира и права и привилегии, но и обврски и придонес кон нивните цели и перформанси.

**За постигнување на наведените цели и придржување до поставените премиси, дипломатијата ни е од особен интерес.**

Партизираната, некоординирана, кадровски и ресурсно потценета **дипломатија на Северна Македонија ја трансформираме во** екипирана, мултиетнична, капацитетна и финансирана **професија во која се напредува врз основа на кариера и резултати.**

За рационално користење на финансиските и човечките ресурси, **покрај постојаната присутност во европските и светските центри на одлучување** и на економските процеси, **новата Република применува модел на** оптимална **„мобилна дипломатија“ што покрива процеси во делови од динамичниот дипломатски и економски свет.**

**Бидејќи економската дипломатија** денес **е неодвоива од дипломатските активности на една земја**, воспоставуваме **ефикасни регионални економски мисии**.

**Функционализирањето на нашата (економска) дипломатија се одвива паралелно со процесот на обнова на правниот и административен капацитет** низ новата Република.

## 11. ДОСЛЕДНИ СОЈУЗНИЦИ ВО ОДБРАНАТА И СТРАТЕШКИТЕ ПАРТНЕРСТВА – БЕЗБЕДНИ ДОМА ВО НОВАТА РЕПУБЛИКА

**Нема држава без функционална одбрана и безбедност.** Нема ред и мир без ефикасна полиција, сигурна држава без капацитетна армија ниту спречување безбедносни закани без квалитетни служби.

**Безбедносните и одбранбените структури не постојат за решавање политички проблеми**; вплеткани во партиските односи тие потфрлаат и пред сопствените (професионални и технички) премиси и принципи и пред јавноста.

**Повеќедецениската** „постојана **политичка криза**“ **меѓусебно ги инструментализира политиката и структурите во одбраната и безбедноста** и се потешко е да се разграничи „кој кого злоупотребува“.

Неможноста бројни функционери и воени и полициски службеници да дојдат до безбедносни сертификати според стандардите на Северно-атланската алијанса покажува дека **во безбедноста и одбраната на Северна Македонија има кадри кои мора да бидат отстранети** за овие сегменти да функционираат **во интерес на националната безбедност и одбраната** на нашата земја-членка на НАТО.

Со ваквото кадровско прочистување новата Република овозможува и **елиминирање на податноста** на безбедносниот, одбранбениот и полицискиот кадар **за дневно-партиски или несојузнички интерес**.

**Постојаниот состав во одбраната и безбедноста зависи егзистенцијално и статусно од позиционираноста на војската, полицијата и безбедносните служби во системот.** Оттука обезбедувањето на статусот на нивните професионалните припадници останува приоритет.

Затоа **новата Република во одбраната и безбедноста гради:**

- јасни и транспарентни **правила и механизми на цивилна контрола** врз нив;
- **прекинување на дисбалансот во приоритетите на полицијата** и службите **пред Армијата** на Република Северна Македонија (АРСМ);
- **стандарди на регрутирање и јасни правила на функционирање и напредување** на нивниот состав;
- **одржлив и постојан напредок на нивниот стандард и животните услови** на нивните семејства, и
- **одржлив и постојан напредок на нивната техника, технологија и опрема**.

Новата Република значи **прекин на дисбалансот со кој полицијата и безбедносните служби** (службите) **станаа партиски** чувари на поредокот **и доминантни во однос на Армијата и прекин на влошените меѓучовечките односи во секоја од институциите** до ниво на дисфункционалност и непознавање на стварноста. Со тоа тие нема да се реактивни кон граѓаните како до сега, туку активни кон законите.

**Борбената готовност на АРСМ во новата Република не се проектира според идеолошки критериуми**, туку се мери според НАТО стандардите, а департизираното мерење на **ефикасноста на полиција гарантира ред и заштита на човековите и граѓанските права.**

**Долготрајната криза го загрози системот на општествени вредности**, ги продлабочи поделбите и охрабрува авторитарни правци. **Злонамерните влијанија и пропаганда** проследена со **хиперпродукцијата на лажни вести** што потекнуваат од структури на спротивставени или несојузнички држави **се предизвици на кои службите на новата Република мора подготвено да одговараат.**

**Реформата во безбедноста и одбраната во новата Република значи ефикасна реорганизација и подмладување на командно-управувачкиот кадар** вон кадровските „резервоари" формирани по идеолошко-ментални и концепциски координати на партиите.

**Во новата Република** припадниците на **АРСМ, Полицијата и службите во новата Република не се соочуваат со егзистенцијална неизвесност** и ги уживаат привилегиите што им следуваат согласно ризикот на професијата. Само така нивните припадници нема да бидат на платен список на криминалците ниту ќе бидат подложни на туѓи влијанија.

На овој начин **во новата Република партиите не можат да ги менуваат раководствата на АРСМ, полицијата и службите** за свои потреби **низ „растегливи" критериуми**. Тоа е средство и за **елиминирање на моменталниот воено-полициски паралелизам**.

**Новата Република се води од премисата „Северна Македонија е во НАТО и НАТО е во Северна Македонија" и ги темели одбраната и безбедноста на дејугословенизирана, декомунистицирана и цивилно-контролирана безбедност и одбрана.**

На таа основа **целно и оптимално ги употребува расположливите и плански ги надградува стратегиските, организационо-формациските и кадровско-техничките ресурси** на АРСМ, Полицијата и службите. Така **Северна Македонија е вистински сојузник во НАТО.**

**Полноправното членство во Северно-атланската алијанса за новата Република значи и придонес во колективниот систем на одбрана низ сојузништво**, т.е. во превенцијата на ризици, одбрана на нашиот и суверенитетот на сојузниците и одбрана од модерните закани (употреба на атомско, биолошко и хемиско оружје, тероризам и екстремизам; шверц со наркотици и луѓе, непријателски сајбер-активности) и воопшто на заканите по нашите вредности, економија, општество и концепт на живеење.

**Новата Република во однос на одбраната и безбедноста:**

- **Гради активен цивилен сектор и Собрание** за демилитаризирање на општеството и за отстранување на духот на „полициска држава";
- Воспоставува **транспарентни постапки и јасни критериуми за награда и движење во кариерата на нивните припадници.** Така спречува партиска арбитрерност при вработување, работење или напредување и гарантира професионалност;
- **Применува програми за пристап до домување на припадниците на безбедносните и одбранбените сили** и на семејствата кои изгубиле свој член во вршењето на задачата;
- **Ја негува внатре-етничката различност што го засилува капацитетот и перформансите** на нивните припадници;

- **Врши цивилна контрола над АРСМ и полицијата, но и безбедносните служби.** За таа цел ги регулира и процедурите, а не само на надлежностите на раководење на цивилните извршни органи над АРСМ, и
- **Утврдува Државна стратегија за образование и обука на професионалните припадници на војската и полицијата и преку свои образовни институции формира кадри од областа на безбедноста и одбраната, како и аташеа во дипломатско-конзуларните претставништва**. Пополнувањето на дефицитарните кадри го врши со специјализации во партнерски земји и нивните образовни институции.

**Во однос на Армијата** конкретно, **новата Република:**

- **Применува програми за преквалификација на припадниците на АРСМ по истекот на нивниот ангажман** и со **отпремнина од нивни 36 просечни годишни плати** им го поттикнува влезот на пазарот на труд, и
- **ги применува НАТО стандардите за оценка на борбената подготвеност на АРСМ** до постигнувањето капацитет за објективна самоевалуација ослобена од партиски влијанија.

**Во однос на Полицијата** конкретно, **новата Република:**

- Ја зајакнува **улогата на локалната самоуправа во проектирањето и следењето на работата на полицијата**;
- Поттикнува **соработка меѓу полицијата и навивачките групи за превенција на насилството на трибините**, и
- Воспоставува **процедури за внатрешна заштита на уставноста и законитоста пред дискреционите права на раководниот и командниот кадар** соодветно и за **заштита од нарушување на човековите, граѓанските права**, Уставот и законитоста од страна на полицијата кон граѓаните или кон нејзините вработени (полициски омбудсман).

**Во однос на службите** конкретно, **новата Република ја подобрува основната транспарентност на службите** (низ достапност на поставеноста, годишните извештаи за работа според подрачје на дејствување, финансиски извештај за работењето и број на отстранети закани) **за мерливост на нивната ефикасност** и спроведува **ветинг и департизација на нивниот** (раководен) кадар.

# Глава V.
# ЦЕЛИНА НА ЕКОНОМСКАТА, ФИНАНСИСКАТА, ОБРАЗОВНАТА, ЗДРАВСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ЗА РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА И СИЛНА „СРЕДНА КЛАСА“ НА ПРОСПЕРИТЕТНАТА НАЦИЈА

## 12. НОВА РЕПУБЛИКА СО СИЛНА „СРЕДНА КЛАСА“ ЗА СЛОБОДА, РЕД И ПРОСПЕРИТЕТ

**Општеството без баланс е осудено на конфликтност. Балансот во општеството расте со омасовувањето на „средната општествена класа“**. Стремејќи се кон повисок стандард на организација и живеење, средната класа влијае на урамнотежување на обезбедувањето и распределбата на јавните средства, генерира образовани, општествено-свесни и пазарно-активни граѓани во кои е силата на квалитетните промени.

**Во „средната класа“** или „средниот слој“ во скалата на општествената стратификација **спаѓа мнозинството од нас што „живее од плата“** работејќи во производство, трговија, услуги и јавните институции.

**Средната класа стана ранлива со грабежот на капиталот и ресурсите при транзицијата**. Останувајќи **политички непретставена, стана најизложена на осиромашување, манипулација и политички притисок** во изминатите децении и од сите досегашни влади. **Ако оваа непретставеност продолжи** средниот слој ќе продолжи да се смалува поради лошото управување и економија, социјалните разлики ќе се зголемуваат, емиграцијата ќе расте и **нацијата ќе остане без одржливост и иднина.**

Затоа **столбот на новата Република е граѓанинот од средната класа.** За солидарна редистрибуција на јавните средства без судир со создавањето профит на слободниот пазар, **сојузници сме со моментално обесхрабрените и запоставени: вработени во производството и услужните дејности, менаџери на микро, мали и средни фирми, административци, образовен и научен кадар, лекари и медицински персонал, војници, офицери и полицајци, судии, обвинители и адвокати.**

Нам, на средниот слој, ни е доверено чувањето и остварувањето на здравјето, имотно-административните права и потреби, образованието, безбедноста, достапноста на правдата и сигурноста на граѓаните. Затоа го враќаме угледот на професијата и живеењето и гордоста за ваквата општествена улога. **Новата Република е гарантот на правилен општествен договор, а НОВА РЕПУБЛИКА е политичкиот претставник на силната средна класа.**

Оттука ова е **Политичка платформа** со проверливи резултати и временска рамка од четири години **за омасовувањето и финансиското закрепнување на средната класа во Северна Македонија** како основа на развојот на успешната нација.

Конкретно, бидејќи **управувањето со државните органи, локалната самоуправа и јавните институции... јавните финансии, образованието, здравството и социјалната заштита се преплетени со економијата,** тие само **проектирани како целина водат кон просперитетна нација – која може да биде таква само со силна и финансиски зацврстена средна класа**.

Затоа нацијата на Северна Македонија во новата Република живее во **синтагмата на НОВА РЕПУБЛИКА: „Слобода, ред, просперитет".**

## 13. НОВА РЕПУБЛИКА НА ПРОДУКТИВНИ ГРАЃАНИ ВО СОЛИДАРНО ОПШТЕСТВО И ХУМАНА ДРЖАВА

**Политиката служи за проектирање одржлив развој, вклучително „нивелирање" на социјални диспаритети**. Никому не му е добро ако на огромното мнозинство им е лошо, ниту пак може на сите да им е исто.

Затоа **новата Република разбирливо и оптимално ги регулира правата и обврските на работодавците и вработените** и ги **стандардизира на работните услови и заштитата при работа** според дејности. Истовремено, **новата Република обезбедува и достапни фондови за заштита при невработеност, справување со болести** (во семејството), **преквалификација** за враќање на пазарот на труд; **платено отсуство поради ново родителство** и **пензија**.

**Целта на новата Република е достапност на акумулираната и обезбедена солидарност од јавни средства до секој засегнат**. Бидејќи не може секој да придонесе колку може, а да добие колку му треба, **секој треба да има еднаков пристап до пропишан минимум солидарна заштита кога тоа му е потребно** низ достапни институции и јасни постапки.

Притоа ваквите расположливи средства особено се наменети за:

- **Корисниците на пензија**, достапна низ државниот и приватните фондови соодветно;
- **Корисниците на социјалните пакети** со кои **социјално-загрозените** се справуваат со сиромаштија, а **социјално-предизвиканите** застануваат „на нозе" и, по враќањето на пазарот на труд ја враќаат солидарната општествена инвестиција во нивното оправување создавајќи средства за другите во нужда;
- **Корисниците на услугите во јавното здравство**, кои се достапни, одржливи и ценовно дефинирани, низ државниот и приватните фондови соодветно;
- **Учениците и студентите** во јавното образование, како и талентираните и надпросечните научни истражувачи од социјално-предизвикани семејства;

- Семејствата на **припадниците на одбраната и безбедноста** кои загубиле член при вршење на својата дожност за заштита на заедничките вредности и поредокот.

Не наддаваме износи на помош или пензија туку **градиме модел за одржливо обезбедување средства** со кои секој редовно ги ужива плодовите на минатиот труд или надминува тешкотии со помош достапна кога е потребна.

Но, **промислената солидарна помош и целна субвенција е и механизам на заштита на средната класа**.

Новата Република внимава **граѓаните во урбаните средини и средната класа да не плаќаат два пати за производите и услугите** - еднаш пазарно, втор пат преку данок и субвенции и **општествената солидарност да не е дестимулативна за повторно вклучување во пазарот на трудот**.

**Нивелирајќи ги социјалните разлики ја штитиме и омасовуваме средната класа.** Низ активни политики за оспособување на луѓето за учество/враќање на пазарот на труд, затвораме „дупки во системот“ низ кои се одлеваат јавни пари, а луѓето не работат и не можат да го променат својот социјален статус и животен стандард.

**Не веруваме ниту во елитизам ниту во егалитаризам** – ниту во „држава на благосостојба“ ниту во пререгулирана држава.

**Работните услови и минималната плата се предмет на социјален договор** меѓу синдикатите, коморите и работодавците (по потреба со посредство на државата низ усогласена регулатива). **Платата е валоризација на трудот на работникот, а капиталот и профитот од инвестицијата му припаѓа на претприемачот.**

Затоа **економијата на новата Република не е стихијна туку оптимална, низ баланс** на приватната иницијатива и јавниот интерес осигурана со:

- **оптимална регулација**;
- **поттик на** компаниите за **социјална одговорност;**
- **задолжително јавно основно образование**;
- **достапно јавно средно и високо образование** моделирано според проекциите за потребите за работна сила во бизнисот и производството и јавните дејности**;**
- **стипендирање талентирани** и **субвенционирање трошоци за социјално-предизвикани ученици/студенти**;
- **спречување монопол**, а особено јавен;
- **конкурентност** наместо ширење на јавниот сектор, и
- **поттик на претприемништвото и оспособувањето за пазарен натпревар**, вклучително низ целно, временски ограничено и струково субвенционирање за

отворање микро и мал бизнис во дефицитарни производни дејности и услуги и за нови технологии.

**Политиката само управува со институциите, кои со правилни политики проектираат и обезбедуваат доволно средства и ресурси за потребите на јавните фондови**. Со нивна правилна инвестиција, пак, луѓето во неволја, социјален или здравствен ризик солидарно се поддржани или уживаат плодови на својата децениска работа во пензија.

Државата инвестира во инфраструктура, јавни добра и услуги, а **новата Република инвестира и во човекот**, овозможувајќи секому можност за **растечки квалитет на живот и животен стандард**.

Инвестициите и бизнисот генерираат вработувања (пред се во реалниот сектор), полнејќи ги основните резервоари за јавните приходи. Затоа, застапуваме **одговорен пристап кон прибирањето/употребата на јавните средства за функционален баланс меѓу потребите и можностите на поединците и економијата.**

## 14. НОВА РЕПУБЛИКА ЗА ОДГОВОРНО УПРАВУВАЊЕ НИЗ ПРАВИЛНО БУЏЕТИРАЊЕ

**Одржливоста на администрацијата, институциите и воопшто системот зависи од одржливоста на концептот на прибирање, планирање и инвестирање на јавните средства.**

За граѓаните навремено и квалитетно да ги добијат потребните услуги од државата и општините, потребно е тие да се оптимално поставени и финансирани. **Не постои бесплатна јавна услуга и нема одржлив буџет којшто го задушува стопанството**.

Оттука **новата Република ги усклaдува јавните приходи и расходи согласно можностите на економијата и потребите на заедницата** (државна и локална). Тој што не знае да проектира - не може ни да реализира.

Застапуваме **реален, непопулистички и одговорен пристап кон јавните средства**:

- **Одговорно јавно задолжување за што помал буџетски дефицит.** Нашата економија веќе на среден рок не е доволен извор за тековните буџетски потреби само по основа на јавни приходи. Истото се однесува и на локалните буџети. Во овие околности за покренување на економијата даваме **предност на кредитно задолжување пред репрограмирање на обврските** кон доверителите, а **крајната цел, секако, е буџетски суфицит**.
- **Намалени давачки за бизнисот** без скриени трошоци и за домашните и за странските инвеститори.
- **Рамен данок**. Тој што има повеќе придонесува со повеќе, а секој генерира профит согласно своите квалификации и вештини.

- **Потранспарентен и поефикасен систем на јавни набавки**, но и **враќање на улогата на квалитетот на производот/услугата** како критериум за прифатливоста на понудата, особено во здравството, образованието, одбраната и безбедноста;
- **Одговорно, развојно и профитно управување со јавниот имот**. Децениски државата е најлош и најнеодговорен стопан.
- **Јавно-приватно партнерство во прецизно регулирано одгледување растенија за медицински потреби**. **Приходите** од нивното одгледување и обработка или извоз **во износ од 70% му припаѓаат на буџетот**. Од нив, 40% директно се наменуваат за Фондот за здравствено осигурување и 60% за буџетите на безбедноста и одбраната.
- **Можност за инвестирање на одлеаните финансии од државата** во енергетски, преработувачки и производни капацитети, особено во т.н. „неразвиени подрачја“, **со уреден надзор од европски и меѓународни финаниски институции** за спречување на перење пари, и
- **Редефинирање на концептот на државна помош - субвенционирањето**. Граѓаните не го плаќаат крајниот производ/услуга два пати (еднаш со данок, еднаш на пазарот) со **субвенционирање на производ наместо на дејност** во земјоделството; во со-цијалната политика со **субвенционирање основни прехранбени, хигиенски потреби и сместување на социјално-предизвиканите**; во образованието со **субвенционирање на пристап до интернет и литература** за (талентирани) ученици/студенти итн.

**Редефинирањето на пристапот кон јавниот буџет за новата Република е неодвоиво од редефинирањето на концептот на** јавното здравство и **јавното здравствено осигурување.** Во спротивно, јавниот здравствен фонд, заедно со пензискиот, ќе остане еден од најголемите корисници на директни буџетски дотации, без да овозможи одржлива, достапна и квалитетна јавна здравствена услуга за граѓанинот.

За таа цел, **новата Република го реформира здравственото осигурување за кое новите вработени** (со прецизиран возрасен минимум) **покрај основна уплата за здравствено осигурување** (пониска од моменталната) **користат здравствено осигурување преку осигурителните компании** согласно пакети кои ќе им бидат ставени на располагање и според нивен избор и лични и семејни потреби.

На тој начин **инвестираните средства во приватното здравствено осигурување остануваат нивни** или на нивните наследници.

**За осигурителните компании ова е можност за нов, поголем обем на клиенти што ќе влијае на конкуретни цени** на пакетите за зд-равствено осигурување. **Зафатот од бруто-платата за јавното здравствено осигурување** притоа **опаѓа** со текот на годините **паралелно со намалувањето на бројот на корисници на јавното здравствено осигурување како единствено** осигурување за пристап до јавни здравствени услуги и адаптирањето на пакетите на здравствени услуги.

**За тековните пензионери**, односно **лицата кои целиот работен или животен век се осигурувани само преку јавниот фонд за здравствено осигурување** (до последното лице кое не е опфатено од концептот на дополнително приватно здравствено осигурување), **невработените и децата до полнолетство, новата Република пружа здравствена заштита** во јавните установи од сите степени на здравствена заштита. **Вакцинацијата и превентивните прегледи остануваат покриени од јавното здравствено осигурување.**

**Со реформата на системот на здравствено осигурување на граѓаните, јавната здравствена услуга останува достапна за сите граѓани, а приватната станува достапна зависно од изборот и висината на личната инвестиција на граѓанинот за себе и неговото семејство.**

Тоа значи дека се отвора можноста **новата Република** да го комплетира не само реалното мапирање на јавни здравствени установи, туку и да **пропишува конкурентна и достапна цена на здравствена услуга вклучително во јавните здравствени установи**.

На тој начин **јавните здравствени установи** на сите нивоа **добиваат и средства според пружена услуга и услови за работа** и пружање услуги**, развој и опрема** со кои не заостануваат зад приватните. Но, особено значајно, со ова нема заостанување ниту во платите за вработените во јавното здравство кое на тој начин е конкурентно со приватното.

Подобрувањето на јавната здравствена услуга зависи и од достапноста на пакетите на јавни здравствени услуги, согласно зафатот за здравствено осигурување односно неговото покривање од новата Република. **Граѓаните на Северна Македонија кои престојуваат и работат во странство подолго од шест месеци**, затоа, **може да сметаат на основен пакет на здравствено осигурување, а здравствените услуги од останатите пакети ги покриваат од здравственото осигурување во земјата каде постојано престојуваат и работат.**

**За правилно организирање на системот на јавна здравствена заштита, новата Република спроведува здравствено мапирање со реорганизирање и заживување на** примарната и особено секундарната здравствена заштита:

- **Во примарната здравствена заштита, новата Република поттикнува формирање на концентрирани општински здравствени јавни установи во кои матичните лекари, заболекарите, лабораториите, рентген-салите и основната дијагностика се амбулантно достапни** како за граѓаните во урбаните, така и во средините кои гравитираат кон овие градски центри. **Ова вклучува и организирање на задолжителна дежурна служба и итна медицинска помош** преку нив;
- **Во секундарната здравствена заштита, новата Република инвестира во регионални здравствени центри кои пружаат здравствена услуга вклучително третман на хронични болести, со што граѓаните од овие региони не мора да се упатуваат во Скопје за секој посложен зафат.** Дежурните служби во нив се

подразбираат како составен дел од **концептот** кој **ја координира регионално и итната медицинска помош**.

- На тој начин **терцијарното здравство станува врвно и посветено** на адекватните здравствени потреби на граѓаните, **но и подостапно** бидејќи се растеретува од пациентите кои услугата ја добиваат побрзо, а квалитетно веќе во секундарното здравство. Истовремено **терцијарното здравство се посветува и на една од своите основни задачи на создавање здравствен кадар за потребите на нацијата во интеракција со државните медицински факултети.** За таа цел Лекарската и Стоматолошката комора имаат особено значење во сертифицирањето на медицинскиот кадар.
- **Новата Република**, во соработка со јавните наставно-научни институции и терцијарните здравствени установи, има за задача да **го финансира едуцирањето на здравствени кадри на специјализации и субспецијализации кои не се достапни во земјата, воведувањето нови методи во лекувањето и учеството на меѓународни конгреси и симпозиуми.**
- Со цел олеснување на регистрационите постапки на лекови, **новата Република регулира регистрирање на лекови регистрирани во земјите-членки на ЕУ во Северна Македонија по автоматизам** со што овозможува конкурентност на цените и достапност на квалитетни и сертифицирани лекови за европскиот пазар и во земјата, што ги спречува административните бариери за навремена достапност на најновите лекови за што побрзо и поефикасно лекување на пациентите.

## 15. НОВА РЕПУБЛИКА СО ЦЕЛНО И ОСМИСЛЕНО ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

**Новата Република дава предност на јавно-приватното партнерство за развојно инвестирање и конкурентни производи и услуги наспроти ширењето на државата и локалната самоуправа во економската дејност** преку јавните претпријатија.

Гломазните јавни претпријатија и друштва ретко произведуваат добивка бидејќи се остаток на децениски партиски и буџетски клиентелизам и нè оставаат на истите економски и ресурсни основи. **Овој пристап кон јавно-приватното партнерство (натаму: ЈПП) не ги доведува во прашање правата на вработените, а ја подобрува нивната ефикасност во дејноста**.

Низ него се обезбедува **прецизно, одржливо, разумно и поефикасно користење на достапните, но се поограничени природни ресурси** (вода, гас...) **и планското ширење, управување и користење на обновливите ресурси** (пр. шумите вон заштитените подрачја и националните паркови).

Покрај за **одгледување на растенија за медицински потреби** (дел 13.), овој концепт е наменет и за **уредување јавен простор, одржување системи за наводнување и сл.,** како што тоа е започнато во **здравството.** Притоа, лоцираме области каде ЈПП може

или веќе одигрува значајна улога во севкупниот развој, производство и пружање услуги, според **прецизно регулирана експлоатација, анти-монополска регулатива и постојан надзор над спроведувањето на договореното**.

**Во развојот на локалната и регионалната инфраструктура новата Република отвора можност за изградба на инфраструктура со ЈПП доколку вредноста на градбата надминува износ поголем од една петтина од планираниот годишен буџет за инфраструктурни проекти** (водоводи, системи за наводнување, гасоводи, електро-централи...) **во пет последователни години** и за истото нема расположливи буџетски средства на национално или локално ниво соодветно.

**ЈПП се применува и во стопанисувањето** (одржување и развој) **со постоечката инфраструктура** (системи за водоснабдување и наводнување, паркинг-гаражи, забавни паркови и сл.)

Следствено, новата Република **охрабрува ЈПП особено во комуналните дејности**. Јавната хигиена, погребните услуги, водоснабдувањето... се потенцијални области за ЈПП во локалната самоуправа.

**Новата Република ќе се јави и како концесионер** (**преку ЈПП** со приватните компании од Северна Македонија и стопанските комори, согласно нивните потреби и проценки) **на морско крајбрежје во соседните држави** на подолг рок, со цел развој на националните туристички и транспортни капацитети на нашата земја која нема излез на море. Концесија на јадранското крајбрежје (во Драч, Албанија) и на црноморското крајбрежје (во Бургас, Бугарија) заедно со комплетирањето на коридорот 8 ќе дадат нов импулс на домашната економија, но и во други области од национален интерес.

**Свесноста за ризиците на ЈПП** за новата Република е причина тоа да биде условено со утврдувањето плански и регионален развој и прецизно калкулирана добивка.

## 16. МИНИМУМ РЕГУЛАТИВА ЗА МАКСИМУМ ПРЕТПРИЕМНИШТВО, РЕАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА – ЗА НОВА ЕКОНОМИЈА ВО НОВАТА РЕПУБЛИКА

Новата Република ги уважува **компаниите кои ја пребродија транзицијата и денес се меѓу најуспешните домашни фирми.** Нивната репутација е задоволство и поттик, бидејќи се радуваме на успехот. **Приватизацијата е завршен процес** иако неправедноста на концептот и последиците од транзицијата се разочарувачки.

Затоа, **новата Република е посветена на развојот на домашната економија во која постојните компании** низ поволна бизнис-клима **ќе бидат капацитетни за натамошна експанзија, а пазарот е поотворен за нови производни проекти и инвестиции**, домашни или странски сеедно. Едноставно, **економијата не стои во место** и новите претприемнички иницијативи и инвестиции не чекаат.

**Владеењето на правото, временски трајната регулатива и одржливите концепти на развој на економијата низ конкурентност** заедно со постоењето соодветна работна

сила **се услови за работењето, развојот и профитот на фирмите**. А тоа е од интерес на (стандардот на) граѓаните и нацијата.

Истовремено, **владеењето на правото и добрата регулатива е заштита и за** сопствениците/инвеститорите/**работодавачите и за вработените**.

**Концептот на новата Република за работните односи се пофлексибилни процедури за олеснет пристап и учество на пазарот на трудот,** склучување и прекинување на работниот однос по одлука на работникот или работодавачот соодветно, со **гаранции за спречување мобинг и дискриминација по било која основа**.

**Нужно е и воедначувањето на пазарните услови за домашните и странските компании** низ оптимално дефинирање на државната помош. **Новата Република е спротивставена кон протекционизмот кон било која компанија** и **гради предвидливо законодавство за еднакви можности** за секој претприемач **и еднаква гаранција за имотот и профитот стекнат согласно закон и фер пазарен натпревар**.

Имено, **за новата Република нема успешна заедница без економски-компетитивни поединци** ослободени од политички клиентелизам кон партијата на власт или администрацијата раководена од неа. **Водејќи се од потребата за интеракција и отвореност** ги применува европските практики.

За почеток, **покрај т.н. „тест за МСП“ и во економијата и законодавството,** основна мерка е **стандардизираното степенување на фирмите според европските дефиниции:** микро-претпријатија (до 10 вработени), мали (10 до 49 вработени) и средни претпријатија (50 до 249 вработени), независни од поголемите фирми, со максимум 50 милиони евра годишен обрт или максимум 43 милиони евра како годишен биланс на состојбата.

Ова особено овозможува **либерализирање на условите за економска дејност од мал обем** со која учесниците на пазарот со сопствен производ (предмет, знаење, вештина) имаат лесен пристап до пазарот, минимум регулативна бариера и максимална поддршка во пристап до инвестициски средства.

**Новата Република го обесхрабрува стремежот за „сигурна, државна работа“ понудена од партиите.** Новите генерации, впрочем, се помалку се водат од оваа логика. Но, **јавната/државната служба треба да стане атрактивна за кадрите кои се сè подефицитарни** при ера на информатизирање на јавните услуги.

**Новата Република не се фокусира на корпоративните менаџери, туку на претприемништвото како одважност да се влезе во пазарниот натпревар**, да се инвестира и создава (проект, фирма, производ, услуга...).

Затоа **не сме фокусирани единствено на големите компании**. Тие имаат своја позиција на пазарот и **често генерираат и над 70% од вкупниот БДП**, но не се главен генератор на работоспособната популација. Напротив, **тие се генератор на мали и средни претпријатија и претприемачи - подизведувачи или производители на стоки**

**и услуги потребни за финалниот производ на големите компании** преку кои расте вработеноста во реалниот сектор.

Конкретно, **националните економски приоритети на новата Република се прецизирани во четири точки:**

- **Вработеност на минимум 70% од населението на возраст од 20 до 64 години.** Подобрувањето на бизнис-опкружувањето е услов за пораст на економската активност на фирмите. **Балансот на бројот на вработени во администрацијата и во реалната економија е клучен** за одржливоста и на економијата (која ја „храни“ државата) и на државата (односно услугите што таа ги пружа);
- **Инвестиции во истражување и развој во висина од 1% од БДП.** Наставниот и научниот процес се во тесна врска со создавањето квалификувани кадри, а развојот на претприемништвото е тесно поврзан со инвентивноста и истражувачката дејност;
- **Намалување на бројот на лицата изложени на сиромаштија за 30%.** Зголемената вработеност ги намалува ризиците од изложеност на сиромаштијата и го ослободува буџетот од дотации во државните фондови;
- **Реструктуирање на образовниот систем за поттик на квалификувана работна сила во реалниот сектор.** Пристапот на талентираните до високо-образовните институции се поттикнува низ нивно концентрирање во академски центри со доволна апсорптивна моќ и зголемен квалитет на настава и диплома. Новата Република поттикнува квалитетен и конкурентен кадар од интерес на пазарот, науката и образованието, а не „печатење“ дипломи.

**За новата Република образованието не е само јавна дејност, туку основа на економијата** и темел на општеството. **Затоа создава функционална врска меѓу** потребите на **работодавачите и „резервоарот“ на квалификувана работна сила** и **го реформира јавното образование од основата кон врвот** така што:

- **Формира матрица на компетитивност**, претприемништво, трудољубивост... преку наставните програми **низ оригиналниот концепт на задолжително основно образование во десетолетка**;
- **Дефинира број и стимулира профил на средношколци подготвени за учество во производството и пазарот на работна сила веднаш по завршувањето на средното образование** низ (средно) стручно образование адаптирано на пазарот на труд и примена на новите технологии;
- **Дефинира опфат на студенти во јавните високообразовни институции од областа на машинството, електро-техниката, информатиката, архитектурата, градежништвото и просторното планирање, рударството и геологијата, металургијата, фармацијата, земјоделството и шумарството во интеракција со бизнисот** и стопанските комори. Републиката го субвенционира, а бизнисот го

стипендира соодветно школувањето на потребните кадри балансирајќи го јавниот интерес и бизнисот;

- **Овозможува формирање специјализирани средни училишта или насоки во нив и факултети за струки потребни за производните компании** финансирани **по принципот на јавно-приватно партнерство**. Факултетите во кои бројот на наставен кадар е поголем од бројот на студенти се редуцираат, а Републиката го стипендира образованието на потребните профили во најблиските високообразовни институции;
- **Редефинира видови и опфат на студенти** во високообразовните институции **за градење адекватен високо-образован наставен кадар во сите степени на образованието** и **издвојување на наставно-научниот кадар** капацитетен за истражување и научна работа.

**Во центарот на вниманието на новата Република се (претприемачите во) микро, малите и средните претпријатија.** Тие управуваат со расположливите човечки и финансиски ресурси и, инвестирајќи и произведувајќи, создаваат профит за себе, плата за вработените и данок за заедницата.

**Ним им е потребно справување со основните пречки**: **корупција** на сите нивоа; **неефикасно судство**; **намалена ликвидност** на фирмите; (намалено) **население** со се помала **куповна моќ**; **ограничени можности за поволно комерцијално кредитирање на фирмите; недостаток на квалификувани работници;** дефинирање на **минималната плата како политичка мерка; нелојална конкуренција** низ партиско-коруптивен протекционизам; **преекстензивна регулатива** и **висока цена на енергетските трошоци**.

Приоритет е и **адаптирањето на домашниот со европскиот концепт на координација и финансиска поддршка**. Домашната економија не е изолиран остров и таа бара **нова Република адаптирана кон инструментите на европското координирање на националните економски политики, макро-економските постулати и фискалната дисциплина**, задолжителни со полноправното членство во ЕУ.

Водејќи се од значењето на малите и средните компании за раздвижување и развој на економијата, **новата Република адаптирано ги применува мерките на европскиот Акт за мали претпријатија во домашни услови:**

- **Регулирање на роковите за плаќање** и нивно изедначување меѓу приватните и јавните компании и фондови (државни и локални);
- **Прописи што не го зголемуваат постоечкиот товар** за МСП;
- **Олеснување на пристапот на малите и средните компании до договорите за јавни набавки**, но **и до ЕУ фондовите за истражување**;
- **Комерцијален и структурен поттик на конкурентноста на малите и средните компании** без прекршување на правилата за државна помош;
- **Олеснување на постапките за стартување сопствена компанија** и насочувачко инспектирање во првата година од нејзиното работење;

- **Изедначување на електронското со хартиеното фактурирање и пријавување даночни обврски**;
- **Изборна процедура за готовинско плаќање за фирмите со обрт помал од законски пропишан минимум** за одлагање на обврските на микро и малите фирми за плаќање ДДВ до наплатата на средствата од своите клиенти;
- Формирање **„Единствена контактна точка“ за помош на компаниите што сакаат да пружаат прекугранични услуги** и
- **Воведување на принципот „Само еднаш“ за поднесување на истите податоци пред електронски поврзаните државни служби и институции** - само еднаш.

**Отежнатиот пристап до обртни средства најчесто е придружник на слабата ликвидност на малите и средните компании**. Тоа пак е основен предизвик на домашната бизнис-клима.

Затоа, **основна цел е поттик на финансиските посредници за пристап до заемите за малите и средните компании** (како најизложени на слаб бонитет, отсуство на залог или кредитна историја). **Задача на новата Република е регулатива што поттикнува и овозможува поголем удел на финансиските посредници** (банките, лизинг-компаниите, гаранциските фондови и сл.) во државна или приватна сопственост.

Креирањето **одржлив инструмент за микро-кредитирање за новите претприемачи на пазарот полесно да дојдат до средства е клучно** бидејќи тие за банките се високо-ризични, со мал поврат и неатрактивни. Секако, **средствата пласирани од Европската инвестициска банка достапни преку комерцијалните банки остануваат претпочитан извор на обртни средства за компаниите**, но пред се оние средните и поголемите.

**Новата Република ги изедначува условите за пристап до индустриско-развојните зони и мерките за поттик за странските и домашните компании.** Тоа е начинот за поттик на конкурентноста на домашните фирми под еднакви услови на пазарот.

Водејќи се од соодносот на расположливата инфраструктурна, енергетска и кадровска супстанца на Северна Македонија, **новата Република влегува во нов инвестициски и развоен циклус на домашната економија.**

Притоа, целиме на:

- **повторното освојување на пазарите на Југоисточна Европа**, заедно со
- **одржувањето на тековното присуство на пазарите во и вон ЕУ**, за потоа да влеземе во
- **нова фаза на развој на домашните (извозни) компании и нивно присуство на глобалниот пазар** со конкурентни производи и услуги.

Конечно, **со институциите и системите** (судски, образовен и сл.) **во функција на развојот, низ новата Република излегуваме од затворената и слаба економија, немањето развој, изразената миграција и нискиот стандард и квалитет на живот.**

**Скопје, 21 август 2025 година**

**ОСНОВАЧКИ КОНГРЕС НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА „НОВА РЕПУБЛИКА“**
**Претседател на Работното претседателство,**
***Петар Горобински, с.р.***

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА „НОВА РЕПУБЛИКА“**
***Ивон Величковски, с.р.***